**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-461/7**

**Скопје, 14.12.2007 година**

**До**

**„ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА - СКОПЈЕ“ Ц.О. – СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на „Јавно претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје“ Ц.О. – Скопје (во понатамошниот текст Јавното претпријатие) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 17 до 20.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на „Јавно претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје“ Ц.О. – Скопје, за 2001 година. За годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Љупчо Манчевски - директор од 23.12.2002 година до 29.08.2006 година,
   - Сашо Станчески –директор од 10.10.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 16 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 11.06.2007 до 03.08.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на овластениот законски застапник на Јавното претпријатие добиени се забелешки на Претходниот извештај по точките 10.2.3., 10.2.5., 10.2.6., 10.2.7., 10.3.1., 10.3.4., 10.4.2., 10.4.3., 10.4.4., 10.5.1., 10.5.2., 10.5.3., 10.5.4. и 10.6.1., заведени под број 1304-461/6, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати освен забелешката на точка 10.5.4. каде се врши доуредување на утврдената состојба.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

***Процес на следење на наменското користење на објектите, опремата и залихите***

11.1.1. При оценка на системот на интерни контроли за следење на промените на состојбите во радиодифузни објекти и опремата сопственост на претпријатието, лоцирани низ територија на Република Македонија, идентификувавме состојби кои укажуваат на недоследности во функционирањето на контролните активности во наведените објекти дадени во закуп на трговски радиодифузни друштва, за монтажа и функционирање на телекомуникациска опрема, што е спротивно на одредбите од договорите. Недоследностите во функционирањето во овој процес, предизвикува можност од незаконско и ненаменско користење на средствата, непочитување на одредбите од договорите и отсуство на сознание за фактичката состојба.

11.1.2. Извршивме оценка на интерните контроли при издавањето на залихите на материјали и суровини, резервни делови, и ситен инвентар, од магацинот при што идентификувавме состојби кои укажуваат дека не се изготвуваат соодветни пропратни сметководствени документи/работни налози кои ќе претставуваат основ за признавање на соодветниот трошок и докажување на законското и наменското користење на наведените материјали и отсуство на контролни механизми за следењето на нивните промени по места/локации и магацини, што е спротивно на Законот за трговските друштва, МСС и на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Неизготвувањето на работни налози создава ризик од незаконско и ненаменско користење на средствата на јавното претпријатие и неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните износи на сметките материјали и

суровини, резервни делови, и ситен инвентар на залиха, во Билансот на состојба.

***Процес на пресметка на плати***

11.1.3. Извршивме оценка на интерните контроли во процесот на евиденција, пресметка и исплата на платите при што идентификувавме состојби кои укажуваат на несоодветно функционирање на воспоставениот ситем на електронско следење на работното време на вработените што е спротивно на Законот за работните односи. Несоодветното функционирање на наведениот ситем (неисправен апарат, неусогласено време, итн.) создава можност да не секогаш примените средства на име плата претставуваат еквивалент на извршењната работа/потребни работни часови.

**Препораки и мерки:**

1. Надлежните органи на претпријатието да пристапат кон пропишување и донесување интерни акти во согласност со наведените закони и овоаможување беспрекорно функционирање на системот за електронско следење на работното време на вработените кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки согласно Законот за јавна внатрешна контрола и ќе обезбедат законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на средствата.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. „Јавното претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје“ Ц.О. – Скопје, е основано со Закон за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија донесен од Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 28.01.1998 година, број 07-340/1. Претпријатието е запишано во трговскиот регистар под трег.бр.1463/98, регистарска влошка број 02002805-7-09-000 од 17.06.1998 година при Основен суд Скопје 1 Скопје, без да се наведе/запише износот на основачкиот влог, на основачот-Владата на РМ, во Образец 2 од судската регистрација, што е спротивно на Законот за трговски друштва и Законот за јавни претпријатија. Ваквиот начин на основање на претпријатието во услови кога не се обезбедени податоци и показатели од основачот оневозможува потврдување на реалноста и објективноста на искажаниот износ на сметката Државен јавен капитал во износ од 364.277 илјади денари во трговските книги.

11.2.2. Согласно одредбите од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија, број 07-340/1 од 28.01.1998 година, било потребно да се донесе делбен биланс за превземање на дел од вработените, средствата, правата и обврските на постојното Радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија (РДП МРТ), со состојба на 31 декември 1997 година изготвен од страна на комисија формирана од страна на Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија на ден 29.12.2003 година донесува одлука за прифаќање на делбениот биланс со состојба на 31.12.1998 година а со примена со 31.12.2003 година без притоа истата да биде пропратена со соодветни и веродостојни показатели/податоци кои ќе бидат верифицирани од членовите на комисијата и исто така истата да не содржи податоци за вкупниот износ на актива/пасива предмет на делбен биланс, поединечните износи на актива/пасива кои припаднале на новоосованите јавни претпријатија, ниту структурата и

износите по сметки. Менаџментот на новоформираните претпријатија на ден 07.11.2003 година потпишуваат Протокол архивиран под број 02-1494/1 од 07.11.2003 година, за регулирање на меѓусебните обврски и побарувања по промените настанати во периодот од 01.01.1999 година, до денот на донесување на делбениот биланс, со кој настојуваат да ги верификуваат промените во билансните позиции од денот на статусната промена до денот на донесувањето на делбениот биланс. Ненавременото донесување на делбениот биланс и неутврдување на состојбата во истиот со утврдениот датум (31.12.1997 година) и непостоењето на веродостојни сметководствени документи како основа за искажување во трговските книги е спротивно на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија и Законот за трговските друштва и влијае на веродоестојноста, објективноста и релевантноста на податоците искажани во финансиските извештаи и на намалување на квалитетот на информациите што ги даваат истите.

11.2.3. Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието не обезбедиле согласност од Владата на Република Македонија на Програмата за развој и изградба на основната радиодифузна мрежа на јавното претпријатие за 2006 година и покрај тоа што истите со писмо број 02-220/2 од 10.03.2006 година се обраќа до Генералниот секретар на Владата на Република Македонија за обезбедување на потребната согласност, што е спротивно на Законот за јавни претпријатија и Закон за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија. Непочитување на одредбите од наведените Закони, предизвикува основачот да не се изјасни односно даде насоки и согласност за работењето и развој на претпријатието, а со тоа и да обезбеди законско користење на средствата.

11.2.4. Јавното претпријатие во трговските книги на сметката земјишта и шуми евидентирало износ од 217.585 илјади денари и на сметката градежни објекти износ од 264.140 илјади денари за кои пописната комисија не превземала активности за вршење на попис на земјиштето и на градежните објекти, споредување на фактичката со сметководствената евиденција и утврдување на веродостојноста на сметководствените документи (отсуство на имотни и поседовни листи и други валидни документи со кои ке се докаже сопственоста), што е спротивно на одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите и Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непревземањето на соодветни активности и мерки за вршење целосен попис предизвикува неможност од усогласување и потврдување на книговодствената со фактичката состојба на материјалните средства, можност за нереално прикажување на истите и оневозможување за утврдените разлики да се произнесе надлежниот орган.

11.2.5. Јавното претпријатие во текот на 2006 година на име месечна плата за периодот јануари/деќември 2006 година на директорот и заменик директорот без соодветен писмен акт донесен од Владата на Република Македонија, извршена е исплата во нето износ од 742 илјади денари. На ревизијата не и беше презентиран соодветен акт донесен од надлежен орган за утврдување на платата на директорот и заменик директорот на Јавното претпријатие, што е спротивно на член 2 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во

Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Непочитувањето на Одредбите од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, предизвикува исплата на плата која не е утврдена од надлежно тело при Владата на Република Македонија, односно исплата на плата спротивно на одредбите од наведените законски прописи.

11.2.6. Јавното претпријатие и Г.Т.И.С. ДООЕЛ Иван Скопје склучуваат договор архивиран под број 08-18401 од 18.10.2005 година за посредување при увоз на стоки за што е утвреда соодветна цена за услугите изразена преку провизија утврдена во зависност од вредноста на увезените стоки рангирани во седум различни големини при што за ваквите услуги заклучно со известувачкиот датум во трговските книги е искажан промет од 23.582 илјади денари. Со увидот во одредбите во наведениот договор се констатира дека јавното претпријатие како корисник на услугата се обврзува вредноста на стоката, царината и данокот на додадена вредност да ги плати однапред и да ги трансверира на сметката на давателот на услугата во моментот кога давателот на услугата за тоа ќе презентира соодветен деокумент/авансна фактура. Јавното претпријатие континуирано трансверира/пренесува средства во корист на наведеното друштво без притоа да обезбеди веродостојни документи што е спротивно на одредбите на наведениот договор и Законот за трговски друштва. Непочитувањето на одредбите од наведениот договор и авансирање на активностите на наведеното друштво предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата на претпријатието.

11.2.7. Склучен е Договор за соработка помеѓу Владата на Република Македонија-Министерство за транспорт и врски, Македонската радио-телевизија, Македонската радио-дифузија и Телевизиски и Радио дифузен сервис Австралија ПТУ – Лимитид (ТАРБС) од 22.07.2002 година, архивиран под број 03-572/1 од 15.08.2002 година, во кој во делот III – Грант на опрема за потребите на изградба на телепорт центар и управување, контрола и активности на телепорт центарот, ќе се обезбедат услугите од не помалку од 8 работници на Македонска радиодифузија кои ќе работат полно работно време во Телепорт Центарот. За таа цел претпријатието распишало јавен оглас на ден 08.03.2006 година, за вработување на 4 административни асистенти и 4 техничари за работа во сателитски телепорт центар ТАРБС без учество на претставници од ТАРБС, и без пропишување на точни критериуми за избор на кандидатите, заради што ревизијата изразува сомнеж во потребните квалификации на вработените лица. Ваквата состојба предизвикува вработување на персонал со несоодветни квалификации, искажување на побарувања на име рефундирани плати и други надоместоци од ТАРБС, во износ од 1.355 илјади денари за исплатени плати за 7 вработени во ТАРБС и неизвесност во нивната наплата односно можност за нанесување материјална штета на претпријатието.

11.2.8. Управниот Одбор на јавното претпријатие донесува Ценовник на услугите на ЈП Македонска радиодифузија - Скопје заведен под бр.02-24/1 од 07.07.1998 година за кој има прибавено Согласност од Владата на РМ. Во текот на 2003 година Упраниот одбор донесува Ценовник за измена и дополнување на Ценовникот на услуги на ЈП заведен под

бр.02-921/2 и Ценовник заведен под бр.02-1096/2 од 18.07.2005 година за кои претпријатието побарало но не обезбедило согласност од Владата на РМ што е спротивно на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија и Законот за јавните претпријатија. Отсуството на обезбедена согласност на Ценовникот на претпријатието од надлежните органи предизвикува фактурирањето, наплатата и одобрувањето на попустите да се врши без соодветно признаен акт кое има влијание на финансискиот резултат на претпријатието и законското и наменското користење на средствата. Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието во текот на 2007 година превземале активности за изготвување и донесување на Ценовник на услугите на јавното претпријатие "Македонска радиодифузија – Скопје" за што е добиена согласност од основачот на претпријатието на ден 10.07.2007 година, поради што ревизијата не дава препорака.

**Препораки и мерки:**

1. Надлежните органи на претпријатието во соработка со основачот да ги превземат потребните активности за утврдување на основачкиот влог на претпријатието и изврши негово упишување кај надлежните органи.

2. Надлежните органи на претпријатието да превземат мерки и активности за обезбедување на уредни и веродостојни документи кои ќе претставуваат основ на евиденција и искажување на износите на сметките по делбен биланс.

3. Менаџментот на претпријатието да превземе активности за обезбедување на согласност од основачот на претпријатието на Програмата за развој и изградба на основната радиодифузна мрежа на јавното претпријатие за соодветниот известувачки период со што ќе се овозможи увид на основачот за работењето на претпријатието.

4. Надлежните органи да превземат мерки и активности за вршење попис на земјиштето и градежните објекти заради усогласување на фактичката со книговодствената состојба, да се изврши евидентирање/запишување на сопственоста во надлежните катастри и презентирање на веродостојни финансиски извештаи.

5. Да се превземат мерки и активности за почитување на одредбите од договорот и на законските прописи при подмирување на обврските кон увозникот, заради оневозможување на ненаменско и незаконско користење на средствата на претпријатието.

6. Менаџментот на јавното претпријатие да превземе мерки и активности за надминување на неизвесноста во наплатата на побарувањата од ТАРБС за исплатени плати за 7 вработени во ТАРБС.

11.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Согласно одредбите на Законот за радиодифузна дејност со кои е уреден начинот на наплата и распределба на радиодифузната такса по корисници предизвикува јавното претпријатие да донесе Одлука за примена на сметководствени политики согласно МСФИ со кои признавањето на приходите го врши врз основа на два основа односно на наплатена и фактурирана реализација (готовинска и пресметковна

основа). Почитувајќи ја готовинската основа на признавање на приходите во текот на 2006 година по основ на радиодифузна такса признава приход во вкупен износ од 106.164 иљјади денари од кои 43.938 иљјади денари се остварени од средствата префрлени од наплатата на ЕСМ, 14.063 иљјади денари се однесуваат на средства префрлени од страна на ЈП Македонска радиотелевизија, 5.000 иљјади денари се средства добиени од ЕСМ по Одлука на Влада и 43.163 иљјади денари се средства добиени со Ребаланс на Буџетот на РМ за 2006. Бидејќи работите во врска со пресметувањето, наплатувањето и насочувањето на средствата од радиодифузната такса, како и водењето на регистарот на обврзници за плаќање на радиодифузна такса, ги врши Македонската радиотелевизија јавното претпријатие не располага со податоци за регистрираните претплатници на радиодифузна такса за 2006 година, нема увид во наплатата од страна на ЕСМ и наплатата од страна на ЈП Македонска радиотелевизија преку кои во текот на 2006 година се врши наплата на радиодифузна такса, со што се врши ограничување на делокругот на ревизијата односно оневозможено е да се изврши реално, точно и објективно искажување односно потврдување на побарувањата и приходот од радиодифузна такса односно неможност да се примени пресметковна основа на искажување на овој приход. Ваквата положба на МРД која му оневозможува да има активен однос кон превземање на директни активности и политики за подобрување на наплатата која е основ за реализација на приход на јавното ретпријатие, предизвикува неизвесност за континуитетот на претпријатието и подредена улога во целокупниот процес и подредување на активностите во рамките на расположливите средства а пред се средствата добиени од Буџетот на РМ.

11.3.2. Јавното претпријатие не обезбедило доследна примена на пропишаните сметководствени политики во процесот на признавање и мерење на приходите и расходите поради тоа што пристапило кон искажување во сметководствената евиденција приходи во вкупен износ од 14.346 иљјада денари и расходи во вупен износ од 11.380 иљјада денари кои се однесуваат за други правни субјекти што е спротивно на точка 8 и 9 на МСС 18 Приходи. Ваквата состојба е предизвикана поради тоа што:

- е склучен Договор бр.02-658/1 од 06.08.1999 година за програмско – техничка соработка помеѓу Дојче Веле – Германија, ЈП Македонска радиодифузија и ЈП Македонска Радиотелевизија во кој ЈП МРД се согласува да обезбеди прием и пренос на програмите на Дојче Веле – Германија за што претпријатието добива и искажува 7.416 иљјади денари приходи од кои на ЈП МРТ пренесува 4.450 иљјади денари и за истите искажува расход;
- по основ на префактурирање на корисниците на закуп на деловен простор за потрошена електрична енергија искажува приход во износ од 5.575 иљјади денари и трошок за истиот износ за претходно примените фактури на име електрична енергија;
- по основ за надомест за пресметани плати и надоместоци за 7 вработени кои се ангажирани за потребите на ТАРБС за кои се искажани приходи во износ од 1.355 иљјади денари за кој износ се искажани и трошоци.

Недоследното почитување на пропишаните сметководствени политики и МСС предизвикува несоодветно признавање на приходите и расходите во финансиските извештаи, преценување на приходите и расходите за износ од 11.380 илјади денари, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои тие ги даваат.

11.3.3. Не се превземени мерки и активности за пропишување на соодветни политики за начинот на постапување со расходуваните основни средства и ситен инвентар по лица и по објекти, што е спротивно на МСС. Врз основа на одлуката донесена од управниот одбор, број 02-181/4 од 08.02.2007 година, за прифаќање на извештајот од извршениот попис на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските за 2006 година, со предлози за расход во трговските книги е евидентиран вкупен расход во износ од 9.506 илјади денари и тоа на сметката постројки и опрема расход во износ од 8.940 илјади денари, на сметката алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства расход во износ од 566 илјади денари, и на сметката акумулирана амортизација износ од 9.315 илјади денари и е искажан расход на сметката неотпишана вредност и други трошоци на отуѓени и расходувани постојани средства во износ од 191 илјада денари, без притоа во ниту еден од наведените акти да се утврди начинот на постапување со расходуваните средства. Недефинирањето на понатамошната постапка на расходуваните средства создава можност за неовластено отугување на истите и можност за здобивање со имотна корист на поединци.

11.3.4. Централната пописна комисија доставува Извештај од извршениот попис на средствата, изворите на средствата, побарувања и обврските, до управниот одбор, кој незадоволен од презентираниот извештај донесува одлука број 05-181/2 од 05.02.2007 година, за формирање на комисија со задача да го дополни Извештајот од извршениот попис ... за 2006 година и да го усогласи Извештајот со појаснувања. По изготвувањето на бараните дополни Управниот одбор донесува одлука број 02-181/4 од 08.02.2007 година со кој е прифатен извештајот од извршениот попис .... за 2006 година, во кој се презентирани прегледи/табели за утврдениот кусок, вишок, и расход на основни средства, ситен инвентар и расход на залихите во главниот магацин на основни средства и разни материјали, без да бидат наведени износите на фактичката состојба по попис и на сметководствената состојба и без презентирање на износите на набавната, исправката и сегашната вредност на сите констатирани кусоци, расходи и вишоци. Во наведениот извештај од Централната пописна комисија, не се вклучени податоците за констатираните состојби од Извештајот на Комисијата за попис на паричните средства, хартии од вредност, обврски и побарувања, аконтации, нематеријални вложувања, инвестиции во тек, долгорочни финансиски вложувања, средства на сметките на депозити, кредити и друго, а не содржи ни информации за состојбата на залихите на материјали, резервни делови, ситен инвентар и автогуми, а износите на отписите на побарувања, обврски и аванси се вклучени во одлуката за прифаќање на извештајот од пописот на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските донесена од управниот одбор. Ваквата состојба предизвикува надлежните органи да не се произнесат за залихите на материјали, резервни делови, ситен инвентар и автогуми, и отсуство на веродостоен доказ за вредноста/износите на констатираните сосотојби и извршено

усогласување на состојбите со сметководсвената евиденција што е спротивно на Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба и МСС. Непристапноста и територијалната разместеност на одредени објекти предизвикува неусогласување на фактичката со сметководствената состојба на постојаните материјлани средства и залихите кое има за ефект нереално и необјективно искажување на состојбите на истите во финансиските извештаи на претпријатието и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

**Препораки и мерки:**

1. Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието во соработка со Македонска Радиотелевизија, Владата на РМ и основачот да извршат проценка на сегашните законски и подзаконски прописи со кои е уредено покривањето на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко и технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа, за регулирање и развој на радиодифузната дејност во РМ (радиодифузна такса) и предложат соодветно законско решение кое ќе обезбеди соодветни финансиски средства за ефикасно функционирање на наведените дејности односно континуитет на претпријатието.

2. Јавното претпријатие да превзме мерки и активности за доследно почитување на прифатените сметководствени политики и начела и искажување на приходите и расходите само во услови кога истите се однесуваат за наведениот правен субјект.

3. Да се превземат соодветни мерки и активности за пропишување на соодветни политики за начинот на постапување со расходуваните основни средства и ситен инвентар, заради оневозможување на неовластено отугување на истите и здобивање со имотна корист на поединци.

4. Надлежните органи на јавното претпријатие да превземат мерки и активности пописната комисија да изготвува Извештај од извршениот попис на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските кој ќе содржи целосни и комплетни информации за состојбата на залихите на материјали, резервни делови, ситен инвентар и автогуми во магацинот на јавното претпријатие.

11.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. Приемот на извршени набавки на материјали, ситен инвентар, резервни делови и автогуми во 2006 година во магацинот не е пропратен со Комисиски записник во кој јасно треба да се констатира состојбата на средствата што е спротивно на Решението бр.02-917/1 од 15.07.2003 година за формирање на Комисијата за квантитативен, визуелен и спецификациски прием на основни средства, ситен инвентар, електронски лампи, резервни делови, електричен и технички материјал и други средства донесено од страна на Директорот на јавното претпријатие. Непочитувањето на пропишаниот начин на прием на наведените материјали во претпријатието создава ризик од прием на средства кои не се во согласност со потребите на претпријатието, ризик од несоодветна евиденција на приемот на набавените средства и несигурност во реалноста, објективноста и точноста на позициите на залихи презентирани во финансиските извештаи на претпријатието.

11.4.2. Јавното претпријатие во 2006 година набавило 22.800 литри гориво во вкупен износ од 1.175 илјади денари за потребите на пунктовите на јавното претпријатие кое е примено и складирано во резервоарите на пооделните пунктови и се користи во текот на годината. Набавеното гориво во сметководството се евидентира како трошок во целост и состојбата на горивото со кое располага претпријатието во текот на годината не е искажана во финансиските извештаи на претпријатието. Во јавното претпријатие не се врши попис на горивото во резервоарите и не се врши усогласување на фактичката состојба со сметководствената. Неевидентирањето на количеството на гориво со кое располага ЈП во сметководсвената евиденција е спротивно на Законот за трговски друштва, Меѓународните сметководствени стандарди и воспоставената сметководствена пракса, кое има за ефект нереално и необјективно презентирање на залихите во финансиските извештаи на јавното претпријатие односно потценување на финансискиот резултат на претпријатието.

11.4.3. Салдото на резервни делови во финансиските извештаи на ЈП во вкупен износ од 10.078 илјади денари содржи резервни делови во износ од 1.856 илјади денари набавени и примени во магацинот на ЈП на залиха со Приемница бр.95/05-II од 25.03.2005, Комисиски записник за прием од 01.04.2005 година, според фактура бр. 2050082 од 07.03.2005 година и во согласност со Договор бр.03-188/1 од 26.01.2005 година. За овие резервни делови издадено е Требување – Издатница бр.181-I од магацинот која не е евидентирана како излез во материјалната и финансовата сметководствена евиденција на Јавното претпријатие и за истите нема доказ за понатамошна употреба или задолжување. Неевидентирањето на настани и промени на состојбата на средствата со кои располага претпријатието е спротивно на Законот за трговски друштва и МСС и овозможува неконтролирана употреба односно можност од злоупотреба на истите односно незаконско и ненаменско користење на средствата и нереално и необјективно презентирање на средствата во финансиските извештаи на претпријатието.

11.4.4. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 72 конфирмации до исто толку коминтенти добиени се 47 одговори, што претставува 65% од вкупно испратените, од кои 30 се потврдени односно 64% од пристигнатите а 17 не се потврдени односно 36%, додека 25 воопшто не одговорија што претставува 35% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите коминтенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препораки и мерки:**

1. Менаџментот на претпријатието да превземе активности за утврдување на одговорноста на надлежните органи кои не обезбедиле доследна примена на интерните акти и воспостави контролни активности во процесот на приемот и издавањето на матријалите на залиха.

2. Јавното претпријатие да превземе мерки и активности за воспоставување на систем на евиденција, следење на трошокот и состојбата на горивото со кое

располага претпријатието и негово презентирање во трговските книги во рамките на извршениот потрошок.

3. Јавното претпријатие да превземе мерки и активности за изготвување на документација за секоја промена на средствата во претпријатието, да обезбеди навремено доставување на издадените документи и ажурна евиденција на промените во сметководството на претпријатието и да ја испита одговорноста на надлежните лица за утврдената состојба.

4. Јавното претпријатие да превземе мерки и активности за континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица кои има деловна соработка (коминтентите), како основа за реално и објективно прикажување во финансиските извештаи.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, ЈП Македонска Радиотелевизија и Deutche Welle (Koln – Germany) на ден 06.08.1999 година склучувааат Договор за програмско – техничка соработка, според кој во текот на 2006 година ЈП МРД наплатува средства во износ од 7.416 илјади денари и од истиот износ на име плаќање на фактури исплатува во корист на ЈП Македонска Радиотелевизија 60% односно износ од 4.450 илјади денари за кои не постои соодветен писмен акт со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски помеѓу наведените правни лица како основ за пренос на наведените средства што е спротивно на Законот за облигациони односи. Непостоењето на соодветен писмен акт (Договор/Спогодба) за уредување на меѓусебните односи предизвикува неможност од потврдување на законското и наменското користење на средствата по овој основ. Имајќи во предвид дека правното дејство на наведениот Договор престанува со 06.07.2006 година ревизијата не дава препорака.

11.5.2. Јаното претпријатие нема пропишани постапки, процедури, овластувања и критериуми за начинот на кој се склучуваат Договори и на кој им се овозможува на надворешните корисници (трговски радиодифузни претпријатија, јавни претпријатија и други корисници) да користат под закуп деловен простор на објекти кои се во сопственост на ЈП на различните локации во РМ за поставување на уреди за потребите на заинтересираните надворешни корисници како и процедури за следење на начинот на кои се користат истите што е спротивно на Законот за облигациони односи, Законот за основање на ЈП Македонска радиодифузија и интерните акти на претпријатието. Отсуството на пропишани процедури за склучување на договорите и издадените фактури по овој основ се констатирани повеќе неправилности и тоа:

- Склучените договори за обезбедување на услугите од страна на ЈП не се унифицирани за сите надворешни корисници;
- Во дел од склучените Договори не е обезбедена одредба во која при промена на Ценовникот се менува и цената по која ќе му се наплатува на корисникот;
- Не постои соодветен доказ за начинот и критериумите според кои се утврдува цената во договорите во услови кога се користи одредбата од Ценовникот каде се предвидени рамковни цени со износи од-до;

- Не постои соодветен доказ за критериумите и начинот на утврдување на просечните цени во договорите во услови кога се користат повеќе услуги;
- Не постои соодветен доказ дека за целата инсталирана опрема од надворешните корисници е склучен Договор и се наплатува соодветен надоместок;
- Склучени се договори со трговски радиодифузни друштва без при тоа да биде приложено копија од добиената дозвола за користење на радиодифрекфенција;
- ЈП издава фактури и наплатува надомест за користење на локации за поставување на опрема од страна на надворешните корисници за коишто нема склучено Договор со истите;
- Ненавремено се доставуваат информациите за констатирани промени на користените услуги од страна на надворешните корисници кои се основ за ажурно фактурирање на истите;
- не се врши котрола и следење на промените настанати по основ на менување на/или изградба на нови градежни објекти на локациите низ територијата на Републиката со кои стопанисува јавното претпријатие, контрола за постоење на дозволи за градба и извршен технички прием на истите, како и регулирање на наведените состојби во самите договори.
- Дел од склучените Договори се потпишани од лица на пониско ниво на менаџмент од директорот на ЈП без дадено писмено полномошно за доделеното овластување од страна на Директорот на ЈП.

Ваквите состојба предизвикува дел од надворешни корисници бесправно да користат деловен простор на објектите на ЈП со можност од нанесување на штети за претпријатието и на останатите корисници по тој основ, ризик од давање на услуги на корисници кои немаат претходна согласност за користење на радиофрекфенции од надлежните органи, можност од субјективизам при утврдување на цените и склучување на Договорите, нерамноправна положба на корисниците, ризик од неовластено издавање на одобренија за користење на објектите, ризик од монтирање на опрема која не ги исполнува потребните критериуми/стандарди и неможност од реално и објективно утврдување на финансискиот резутат по овој основ. Јавното претпријатие превземало дел од потребните активности во текот на 2007 година за надминување на констатираната сотојба.

11.5.3. Извршено е ангажирање на физички лица за извршување на работни задачи во Јавното претпријатие за Македонска радиодифузија за периодот јануари– декември 2006 година за што се искажани трошоци на име надомест на трошоците на вработените и персонален данок на доход во вкупен износ од 2.831 илјади денари што е спротивно на член 22 од Законот за работни односи, Законот за облигациони односи и Законот за Агенциите за привремени вработувања. Непочитувањето на законските прописи предизвикува ангажирање на лица спротивно на законските прописи и неможност за остварување на правата од работен однос односно право на ПИО и здравствено осигурување.

11.5.4. Извршени се набавки на материјали, резервни делови, ситен инвентар, услуги итн. во вкупен износ од 4.256 илјади денари (2006 – 2.061 илјади

денари и 2005 – 2.195 илјади денари) за кои при спроведување на постапката не е обезбедено доследно почитување на одредбите од Законот за јавните набавки. Во вкупниот износ на извршените набавки односно во набавките извршени во текот на 2006 година е содржан и износот на набавката во износ од 810 илјади денари од правен субјект кој доставил потврда од Стопанска комора за единствен производител на територијата на Република Македонија, при што претпријатието не обезбеди соодветни докази дека во постапката се запазени основните начела на кои се темели Законот за јавни набавки (јавност, транспаретност,..итн). Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата, необезбедување на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките. (Прилог број 1)

**Препораки и мерки:**

1. Јавното претпријатие да продолжи со превземените активности за пропишување и донесување на соодветни процедури и постапки за критериумите, начинот, условите, цените и овластувањата при склучување на Договорите со надворешните корисници.

2. Претпријатието да превземе мерки за пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат доследно почитување на законските и подзаконските акти од областа на работните односи, да ја утврди потребата од дополнителна работна сила за пополнување на слободни работни места и нивно ангажирање согласно Законот за работни односи и за сите вработувања обезбеди согласност од Министерството за финансии.

3. Јавното претпријатие да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

11.6. **Неправилности во ИТ системот**

11.6.1. При оценка на ИТ системот на Македонска радиодифузија идентификувано е отсуство на план на акција за спасување на своите клучни операции во вонредни околности, тн. “план за континуирано работење на информациониот систем (Disaster Recovery Plan “DRP”)”, општ документ за сеопфатна ИТ безбедносна политика и соодветно постапување во насока за чување на копија од податоците (Back up) на пристојно оддалечено растојание согласно меѓународните стандарди, и можност за интервенции (менување) на регистрираните (веќе снимените) податоци во трговските книги (сметководствена евиденција) што е спротивно на Законот на Трговските друштва. Непостоењето на безбедносни политики за сеопфатност на ИТ безбедност и овозможен пристап во апликацијата за финансиско – сметководствената евиденција за непречено менување на претходно внесените податоци без притоа да остане соодветен запис (траг) за извршената промена и неможноста да се утврди што е изворна и првобитно внесена содржина (податоци), предизвикува можност за загрозување на безбедноста на податоците, менување на податоците во ИТ системот и намалување на веродостојноста и релевантноста на податоците.

**Препораки и мерки:**

1. Јавното претпријатие да пристапи кон изработка план на акција за спасување на своите клучни операции во вонредни околности, општ документ за сеопфатна ИТ безбедносна политика и пишани процедури за начинот на менување на претходно внесените податоци.

11.7. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 10.1. до 10.6. предизвикуваат: постоење ризик во интерните контроли за следење на состојбата во радиодифузни објекти сопственост на претпријатието, евидентирањето и изготвувањето на пропратни документи при залихите на матријали и суровини, резервни делови и ситен инвентар, евиденција, пресметка и исплата на платите, отсуство на податоци за основачкиот влог, недоследно изработен делебен биланс, необезбедена согласност од основачот на Програмата за развој и изградба..., несоодветно извршен попис, необезбеденена согласност од основачот на измените на ценовникот на претпријатието, ндоследно применување на политиките за признавање на приходите и расходите, недоследности во одредбите од склучените договори за обезбедување на услуги од страна на претпријатието, ангажирања на физички лица спротивно на законски прописи и отсуство на соодветен план на акција за спасување на своите клучни операции во вонредни околности.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1.; 11.2.1; 11.2.2; 11.2.3; 11.2.8. и 11.3.1. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи Јавното претпријатие Македонска радиодифузија-Скопје Ц.О. Скопје под 31 Декември 2006 година.

13. Според наше мислење, освен изнесеното во точките 11.2. и 11.5. кај Јавното претпријатие Македонска радиодифузија–Скопје Ц.О. Скопје е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2006 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. Владата на Република Македонија на ден 11.07.2000 година, донела одлука број 23-3484/1 за пренесување на правото на користење и располагање на Сателитскиот антенски систем за емитување на радиодифузна програма (TV Broadcasting), лоциран во Сателитскиот центар во Нова Брезница, од АД за телекомуникации „Македонски телекомуникации“ на ЈП „Македонска радиодифузија“ без надомест, со тоа што укажува дека Управните одбори на АД за „Македонски телекомуникации“ и на ЈП „Македонска радиодифузија“да донесат соодветни акти за регулирање на начинот на пренесување на правото на користење и располагање со наведената опрема. Во текот на 2001 година Управниот одбор на јавното претпријатие ја донесува потребната одлука но од страна на АД за телекомуникации „Македонски телекомуникации“ не е донесена таква одлука и не се превземени активности за уредување на меѓусебните права и обврски со посебен договор. За разрешување на настаната состојба и обезбезбеди право на владение и спостевност јавното претпријатие доставило дописи до Министерството за транспорт и врски и до АД „Македонски телекомуникации“ на 21.02.2001 број 03-130/1, и 03-131/1, на 30.07.2001 година број 03-131/2, и 03-131/3, како и ургенција број 03-131/4 од 08.08.2001 година доставена до АД Македонски телекомуникации и допис број 03-131/5 од 15.08.2001 година до АД Македонски телекомуникации преку Министерството за транспорт и врски заради оставрување заеднички состанок за разрешување на проблемот. Добиен е допис од АД Македонски телекомуникации, архивиран под број 03-131/7 од 17.08.2001 година, и во истиот е наведено „опремата е вклучена во

средствата на претпријатието и не е книжена обврска за истата, а во документите за приватизација (на АД за телекомуникации „Македонски телекомуникации“) нема навестување за постоење на анекс на одлуката на Владата“ и „средствата кои ги бара јавното претпријатие биле предмет на процесот на приватизација и се делови од вредноста на АД „Македонски телекомуникации“ и не е можно опремата да се даде бесплатено на јавното претпријатие“. Воедно до Владата на Република Македонија, односно до Министерството за транспорт и врски јавното претпријатие испаратило допис број 03-548/1 од 14.05.2003 година, со цел истото да се заложи за спроведување на одлуката донесена од Владата на ден 11.07.2000 година. Недонесувањето на потребниот акт од управниот одбор на АД Македонски телекомуникации предизвикува неможност од располагање и користење на бавeдениот центар за потребите на јавното претпријатие, оневозможување на вршење на функцијата за кој што е изграден наведениот центар и предизвикување на материјална штета поради тоа што наведениоот систем кој е од посебен интерес на државата да премине во сопственост на приватна компанија.

14.2. Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, Телевизиски и радио дифузен сервис Австралија ПТУ Лимитед – ТАРБС, Јавното претпријатие Македонска радио телевизија Скопје (ЈП МРТ) и Јавното претпријатие Македонска радиодифузија Скопје (ЈП МРД) во текот на 2000 година склучуваат договор за давање права за емитување на програма, за да потоа се склучи Амадман на наведениот договор и договор за сароботка склучен на 22.07.2002 година. Важноста на договорот е пет години, односно до 02.05.2007 година, со што по наведениот датум е предвидено опремата да остане како донација во сопстевност на Министерството за транспорт и врски. Владата на Република Македонија на ден 09.05.2006 година го овластила Министерот за транспорт и врски да го потпише анексот на договорот за соработка, со важност до 2010 година, според кој Владата на РМ треба да го плати долгот на ТАРБС од 324 илјади ЕУР кон Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија, како и долгот на Министерството за транспорт и врски од 290 илјади ЕУР, со што се создаваат дополнителни обврски на Буџетот на Република Македонија. Владата на Република Македонија на ден 29.05.2007 година, донела одлука број 19-3133/4 за давање на користење на движни ствари опрема сместена во Телепорт центарот на трајно користење на јавното претпријатие, а примопредавање на истата да се изврши до 01.08.2007 година. Управниот одбор донел Одлука архивирана под број 02-635/3 од 20.06.2007 година за прифаќање на движните ствари-опрема, а на 29.06.2007 година донел одлука со која се задолжува директорот на јавното претпријатие да распише меѓународен јавен повик за доставување понуди за закуп на опремата во Телепорт центарот за заинтересирани домашни и странски правни лица. Имајќи во предвид дека не е извршено целосно дефинирање на опремата во ТАРБС, ревизијата препорачува пред да се пристапи кон давање на закуп на наведената опрема да се утврди фактичката состојба на наведената опрема која јавното претпријатие треба да ја добие на трајно користење.

14.3. На сметките од вонбилансната евиденција, јавното претпријатие ја искажува донацијата во опрема, „1200 KW Предавател во Овче Поле“ добиена од Владата на Р.Франција и Р. Германија во вкупен износ од 2.031 илјади ЕУР, во денарска противвредност од 123.780 илјади денари, иако вкупниот износ на донацијата по договорот број Ц-00/075 е во износ од 2.218 илјади ЕУР. До Владата на Република Македонија и Министерството за Транспорт и врски е доставен меморандумот број 02-1832/1 од 19.11.2004 година, за отстапување на донацијата во вредност од 2.031 илјада денари, за наведената опрема.

Со споредување на изворните документи констатирана е разлика во износ од 188 илјади ЕУР кој износ се однесуваат на услуги за обука, тестирање, финанална проверка на опрема, пуштање на предавателот во работа, подготовка за инсталација, и супервизија. До денот на ревизијата не се презентирани соодветни веродостојни документи за поткрепување на износот од 188 илјади ЕУР и не е донесен акт од надлежните органи за преотстапувње на опремата од страна на надлежните органи.

14.4. Во делот од вонбилансната евиденција, јавното претпријатие ја искажува донацијата на опрема, „УКБ (ВХФ)-ФМ предавателна и репетиторска опрема, антенска опрема и резервни делови“ добиена како донација од Р.Кина-Тајван во износ од 482 илјади УСД и 1,5 илјади ЕУР, во денарска противвредност од 31.540 илјади денари за кои до Владата на Република Македонија односно до Министерството за транспорт и врски е доставен мемеорандум архивски заведен под број 02-1831/1 од 19.11.2004 година. До денот на вршењето на ревизијата не е доставена акт за отстапување на опремата, односно на ревизијата не се елаборирани причините за недонесувањето на потребниот акт и покрај тоа што опремата е во функција на дејноста на претпријатието.

**Скопје, 13.12.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ЈП Македонска радиодифузија-Скопје Ц.О. Скопје**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| ОПИС | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 113,619 | 178,398 |
| Останати деловни приходи | 80,433 | 30,508 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **194,052** | **208,906** |
| Материјални трошоци | 62,083 | 71,046 |
| Трошоци за бруто плати | 55,195 | 54,189 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 86,999 | 36,994 |
| Вредносно усогласување на краткорочни средства | 826 | 270 |
| Останати оперативни трошоци | 24,728 | 44,005 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **229,831** | **206,504** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 1,134 | 480 |
| Приходи од учества на вложувања | 33 | 21 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 1,009 | 2,981 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(35,621)** | **(78)** |
| Вонредни приходи | 354 | 97 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(35,267)** | **19** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(35,267)** | **19** |

**ЈП Македонска радиодифузија-Скопје Ц.О. Скопје**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 52,143 | 20,199 |
| Побарувања по основ на продажба | 5,253 | 10,160 |
| Други краткорочни побарувања | 7,292 | 5,700 |
| Платени трошоци за идните периоди | 112 | 468 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 197 | 8,180 |
| Залихи | 24,720 | 18,562 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 0 | 582 |
| **Вкупно тековни средства** | **89,717** | **63,851** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 622,501 | 437,757 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 228 | 228 |
| **Вкупно нетековни средства** | **622,729** | **437,985** |
| **Вкупна актива** | **712,446** | **501,836** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | **158,988** | **328,451** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 45,588 | 10,932 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 10,427 | 8,956 |
| Останати краткорочни обврски | 33,934 | 33,401 |
| Одложени плаќања на трошоци | 210,942 | 295 |
| **Вкупно тековни обврски** | **300,891** | **53,584** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 7,076 | 8,524 |
| **Вкупно нетековни обврски** | **7,076** | **8,524** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 364,282 | 364,282 |
| Резерви | 41,829 | 41,826 |
| Акумулирана добивка | 33,635 | 33,620 |
| Загуба за финансиска година | 35,267 | 0 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **404,479** | **439,728** |
| **Вкупна пасива** | **712,446** | **501,836** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | **158,988** | **328,451** |

**ЈП Македонска радиодифузија СКОПЈЕ**

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2006 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Резерви | Акумули рана добивка | Добивка | Загуба од финансис ката година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **364,282** | **41,826** | **33,619** | **19** | **-** | **439,746** |
| Распределба на добивката од 2005 година на законски резерви | | 3 | 16 | (19) | | - |
| Загуба за финансиската година | | | | | (35,267) | **(35,267)** |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | | | | | | - |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | | | | | | - |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **364,282** | **41,829** | **33,635** | **-** | **(35,267)** | **404,479** |

**ЈП Македонска радиодифузија-Скопје Ц.О. Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2006 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2006/2005** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ЗАГУБА** | (35,267) |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 86,999 |
| Приходи од отпис на обврски | 4,905 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 826 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 191 |
| Приходи по основ на преотстапени средства без надомест | (56,487) |
| **Готовински текови од работење** | **1,167** |
| Побарувања по основ на продажба | 4,081 |
| Други краткорочни побарувања | (1,592) |
| Платени трошоци за идните периоди | 356 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 7,983 |
| Залихи | (6,158) |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 582 |
| Обврски спрема добавувачи | 29,751 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 1,471 |
| Останати краткорочни обврски | 533 |
| Одложени плаќања на трошоци | (44) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **38,130** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | (4,738) |
| Нематеријални и материјални вложувања | |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(4,738)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (1,448) |
| Капитал | - |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(1,448)** |
| **НЕТО НАМАЛУВАЊЕ/ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **31,944** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **20,199** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **52,143** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1305-88/2**

**Скопје, 08.02. 2008 година**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97, 70/2001, 31/2003, 19/2004, 70/06 и 133/07), постапувајки по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавно препртријатие Македонска радиодифузија-Скопје ц.о.-Скопје (во понатамошниот текст Јавното претпријатие) за 2006 година заведен под број 1304-88/1 од 21.01.2008 година, Главниот државен ревизор го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***

***По поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот поднесен на **точките 11.2.3., 11.2.5., 11.2.6., 11.2.7., 11.3.1., 11.3.4., 11.4.2., 11.4.3., 11.4.4., 11.5.1., 11.5.2., 11.5.3., 11.5.4. и 11.6.1.** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за 2006 година **не се прифаќа**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор преставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интегрира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавно препртријатие Македонска радиодифузија-Скопје ц.о.-Скопје за 2006 година поднесен е приговор број 03-101/1 од 17.01.2008 година.

Образложенијата за неприфаќање на приговорот се следните:

1. Упатениот приговор на **точката 11.2.3.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата дека не е обезбедена согласност од Владата на Република Македонија на Програмата за развој и изградба на основната радиодифузна мрежа **не се прифаќа** поради тоа што констатацијата во оваа точка од Претходниот извештај ги содржи сите елементи кои ја презентираат реалната состојба, односно е наведено дека јавното претпријатие со писмо се обратило до Владата на Република Македонија за обезбедување на потребната согласност, но истата не ја обезбедило.

2. Упатениот приговор на **точката 11.2.5.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата за непрезентирање на соодветен писмен акт донесен од надлежен орган (Собранието на Република Македонија односно надлежното тело/комисија при Собранието) **не се прифаќа** поради тоа што согласно одредбите од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица, јавното претпријатие е должено да обезбеди соодветен акт од надлежните органи за утврдување на нето платите на директорот и заменик директорот, односно исплатата на нето платите да се темели на веродостојни акти, а не усмено насочување од надлежниот орган.

3. Упатениот приговор на **точката 11.2.6.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата, дека јавното претпријатие континуирано вршело трансвер/пренесување на средства, во корист на друштвото, кое посредува при увоз на стоки, без притоа да обезбеди веродостојни документи **не се прифаќа** поради тоа што ревизијата констатираше постоење на аванси кои не се затворени со соодветни докумети и по неколку месеци (исплатен аванс на увозникот – Г.Т.И.С во 2005 година во износ од 8.224 илјади денари, истиот на 01.01.2006 е во износ од 7.779 илјади денари и се затвара со акти во текот на 2006 година), а не се доставени дополнителни докази кои би придизвикале менување на веќе констатираната состојба.

4. Упатениот приговор на **точката 11.2.7.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата дека по објавениот оглас од страна на јавното претпријатие за вработување на 8 работници на Македонска радиодифузија во Радио дифузен сервис Австралија ПТУ – Лимитид (ТАРБС) е извршен избор на персонал со несоодветни квалификации **не се прифаќа** поради тоа што не се доставени дополнителни акти кои би укажале дека постапката на нивно вработување е спроведена со учество на претставници од ТАРБС, и со пропишани/точни критериуми за избор на кандидатите.

5. Упатениот приговор на **точката 11.3.1.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата дека претпријатието ја почитува готовинската основа на признавање на приходите во текот на 2006 година по основ на радиодифузна такса **не се прифаќа** поради тоа што, акцентот на утврдената неправилност е на нефункционирањето на системот за наплата на радиодифузната такса, кое предизвикува непостоење достатни податоци за потврдувањето на реално, точно и објективно искажување односно потврдување на побарувањата и приходите од радиодифузната такса.

6. Упатениот приговор на **точка 11.3.4.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата дека во Извештај од извршениот попис на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските за 2006 година не се наведени износите на фактичката состојба по попис и на сметководствената состојба и без презентирање на износите на набавната, исправката и сегашната вредност на сите констатирани кусоци, расходи и вишоци и дека надлежните органи не се произнеле за залихите на материјали, резервни делови, ситен инвентар и автогуми, **не се прифаќа** поради тоа што не претставува приговор бидејки се наведуваат податоци кои не се содржани во оваа точка од Конечниот извештај, и не се презентирани дополнителни акти од оние кои веќе се презентирани на ревизијата.

7. Упатениот приговор на **точката 11.4.2.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата дека се искажуваат трошоци за набавеното гориво складирано во резервоарите на пунктовите на јавното

претпријатие за вкупниот износ на набавката, во моментот на евиденцијата на истата, без извршен попис и искажување на залихите на горивото **не се прифаќа** поради тоа што не претставува приговор, односно само се наведуваат причините за веќе констатираната состојба.

8. Упатениот приговор на **точката 11.4.3.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата дека во материјалната и финансовата сметководствена евиденција на јавното претпријатие не е искажан излезот на резервни делови по Требување/Издатница од магацинот **не се прифаќа** бидејки не претставува приговор бидејки се опишуваат причините за настанатиот пропуст.

9. Упатениот приговор на **точката 11.4.4. од** Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на малиот одзив на Вашите коминтенти со што е оневозможено целосно реализирање на постапката на верификација на побарувањата и обврските **не се прифаќа,** бидејки испраќањето на конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските е дел од методологијата/меѓународните ревизорски стандарди кои се користи при вршењето на финансиска ревизија.

10. Упатениот приговор на **точката 11.5.1.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата за не постоење на соодветен писмен акт (Договор/Спогодба) за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и ЈП Македонска Радиотелевизија како основ за пренос на средства од страна на МРД **не се прифаќа** бидејки не е презентиран дополнителен доказ-склучен Договор помеѓу наведените правни субјекти, односно не е постапено по презентираниот Заклучок број 02-434/2 од 21.04.2003 година донесен од Управниот одбор.

11. Упатениот приговор на **точката 11.5.2.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата дека јавното претпријатие нема пропишани постапки, процедури, овластувања и критериуми за начинот на кој се склучуваат Договори со надворешните корисници закупопримачи на деловен простор (трговски радиодифузни претпријатија, јавни претпријатија и други корисници) на објекти кои се во сопственост на претпријатието **не се прифаќа** бидејки не претставува приговор бидејки се наведуваат определени оправдувања за констатираните состојби во 2006 година.

12. Упатениот приговор на **точката 11.5.3.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на констатацијата дека ангажираните физички лица за извршување на работни задачи во Јавното претпријатие за Македонска радиодифузија за периодот јануари– декември 2006 година не е согласно законските акти, **не се прифаќа,** бидејки јавното претпријатие требало да пристапи кон навремено и целосно усогласување на сите договори согласно Законот за работни односи, Законот за облигациони односи и Законот за Агенциите за привремени вработувања, (наведениот износ во Претходниот извештај се однесува на делот на договорите кои не се усогласени со наведените закони).

**13.** Упатениот приговор на **точката 11.5.4.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува за начинот на спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, **не се прифаќа,** поради тоа што доставените прилози не претставуваат докази дека претпријатието пристапило кон целосно почитување на сите одредби од Законот за јавни набавки и на подзаконските

акти, а доставените фотокопии на објавени отворени повици се веќе презентирани на ревизијата.

14. Упатениот приговор на **точката 11.6.1.** од Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор кој се однесува на отсуство на безбедносни политики за сеопфатност на ИТ безбедност на ИТ системот на Македонска радиодифузија **не се прифаќа,** бидејки за веќе констатираната состојба дополнително не се доставени докази кои ќе ги оспорат утврдените состојби.

**Скопје, 07.02.2008 година** **Главен државен ревизор**

**Тањa Таневска**